РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ
ЦАРИНСКА УПРАВА

01.30.31.УП.009.01

# УПАТСТВО
# ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЦАРИНСКИ НАДЗОР И КОНТРОЛА НА СТОКА СО ПОГОЛЕМ РИЗИК ОД ИЗМАМА

Август 2013

## Историја на документ

| Издание | Датум на издание | Опис | Направени промени | |
|---|---|---|---|---|
| | | | Опис на промената | Променети страници/ точки/глави |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| 01 | | Прво издание | / | / |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |

Врз основа на член 7 став 2 од Законот за Царинска управа („Службен весник на Република Македонија” број 46/04, 81/05, 107/07, 103/08, 64/09, 105/09, 48/10, 158/10, 53/11 и 113/12), директорот на Царинската управа донесе

# УПАТСТВО ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЦАРИНСКИ НАДЗОР И КОНТРОЛА НА СТОКА СО ПОГОЛЕМ РИЗИК ОД ИЗМАМА

## I. Општи одредби

1. Со ова Упатство се уредува начинот и постапката на спроведување на царинскиот надзор и контрола на стока со поголем ризик од измама, со цел откривање и спречување на недозволената трговија на овој вид на стока.

2. Под поимот „стока со поголем ризик од измама” во смисла на ова Упатство се подразбираат следните стоки:

| Реден број | Тарифен број | Опис на стока | Минимална количина |
|---|---|---|---|
| 1 | 2208 | Алкохол, алкохолни пијалоци и други алкохолни напитоци (освен вино и пиво) | 500 литри |
| 2 | 2402 | Пури, цигарилоси и цигари, од тутун или од замени за тутун | 40.000 парчиња (4 пакети или 200 штеки) |
| 3 | 2710 | Нафтени деривати | 5 тони |
| 4 | 2207 | Неденатуриран етил алкохол со содржина на алкохол 80% или повеќе и други денатурирани алкохоли | 300 литри |

3. При спроведување на транзитна постапка на стока со поголем ризик од измама појдовните испостави се должни да бараат од главниот обврзник задолжително да поднесе општа банкарска гаранција согласно Упатството за гаранции во транзитна постапка, во која нема ограничување дека истата не може да се користи за обезбедување на наплата на царина и други давачки за стоки со поголем ризик од измама.

4. Внесување, изнесување и транзит на стока со поголем ризик од измама се врши исклучиво преку царинските испостави утврдени во Одлуката за определување

на видови на стока кои се предмет на постапување на царинските органи на определени гранични премини.

5. Царинските испостави на влез се должни да го забранат внесувањето и транзитот до внатрешните царински испостави на сите преработки од тутун (цигари) и алкохолни пијалоци кои не се обележани со македонски контролни марки (бандероли).

   По исклучок на став 1 на оваа точка, царинските испостави на влез може да дозволат влез и транзит на алкохол и алкохолни пијалоци под услов увозникот да поседува акцизна дозвола или решение за задолжување со контролни марки (бандероли) со кое му се одобрува обележување на акцизните стоки со задолжените контролни марки (бандероли) во акцизен склад или во царински склад.

## II. Постапката на царински надзор и контрола во патниот промет

### II.1. Време на увоз, извоз и транзит на пратки

6. Транзит на стока со поголем ризик од измама од царинските испостави на влез до царинските испостави на излез и од царинските испостави на влез до одредишните внатрешни испостави, како и извоз и увоз на стока со поголем ризик од измама може да отпочне или заврши во било кое време од денот без временско ограничување.

### II.2. Документација

7. Царинските службеници се должни при документарната проверка на поднесениот единствен царински документ (во понатамошниот текст: ЕЦД) задолжително да проверат дали во соодветните рубрики се впишани детални податоци за идентификација на стоката со поголем ризик од измама, вклучително и конкретниот трговски опис на стоката.

   Царинските службеници се должни да постапуваат согласно став 1 на оваа точка и во случај на пратка составена од повеќе видови на стоки, меѓу кои има и стоки со поголем ризик од измама.

8. Царинските службеници се должни во ЕЦД со кој се врши транзит или извоз, во рубриката B - "Појдовен царински орган" да го впишат датумот и часот кога стоката ја напуштила појдовната испостава или царинска испостава за извоз, и да го внесат во соодветната рубрика крајниот рок (денот и часот) кога пратката

треба да биде најдоцна пријавена кај одредишната испостава или царинска испостава на излез.

9. Одредишната испостава или царинската испостава на излез се должни во соодветните листови на ЕЦД, во рубриката во која се впишува контролниот број на ЕЦД, да го впишат и датумот и часот кога е утврден конкретниот ЕЦД.

## III. Постапка на царинската испостава на влез

10. Царинската испостава на влез е должна да изврши задолжителна царинска контрола (преглед) на секоја пратка на стоки со поголем ризик од измама при што се контролира видот, количината и усогласеноста на стоката со приложената документација. Степенот на контрола (делумен или детален преглед) го определува царинската испостава во зависност од објективните околности.

    Донесувањето на одлуката за степенот на контрола и евидентирањето на резултатите од извршената контрола се врши на начин предвиден во Упатството за селективен преглед.

11. Контролата мора да ја вршат два царински работника, кои контролата ја потврдуваат со свој потпис и факсимил во соодветната рубрика на ЕЦД. По извршената контрола на превозното средство, царинскиот службеник става царинско обележје (пломба), согласно Упатството за начинот на работа со царински пломби.

## IV. Постапка на одредишната внатрешна испостава

12. По пристигнувањето на стока со поголем ризик од измама одредишната внатрешна испостава ја пријавува истата веднаш по пристигнувањето, односно наредниот работен ден доколку стоката пристигне во внатрешна царинска испостава по завршување на работното време, независно од пропишаното време на пријавување.

13. Одредишната внатрешна испостава е должна веднаш да изврши царинска контрола (преглед) на пријавената стока со поголем ризик од измама, при што се контролира количината, видот и усогласеноста на стоката со приложената документација.

14. Одлуката за степенот на царинската контрола (делумен или детален преглед) ја донесува царинската испостава во зависност од објективните околности за

секој случај поединечно.

Донесувањето на одлуката за степенот на контрола, како и евидентирањето на резултатите од извршената контрола одредишната внатрешна испостава го врши на начин определен со Упатството за селективен преглед, при што контролата по правило треба да ја извршат најмалку двајца царински службеници, кои контролата ја потврдуваат со свој потпис и факсимил во соодветната рубрика на ЕЦД.

15. Одредишната внатрешна испостава е должна примерокот бр. 5 од ЕЦД со потврда за прием или долниот дел од листот бр. 2 (зелен лист) од ТИР карнет, да го испрати до царинската испостава на влез по вообичаената постапка.

## V. Постапка на појдовната внатрешна испостава или царинската испостава за извоз

16. При извоз на стока со поголем ризик од измама, појдовната внатрешна испостава или царинската испостава за извоз е должна соодветно да постапи согласно одредбите од точките 13 и 14 на ова Упатство.

17. При извоз на стоки наведени под реден број 1 и 2 од точка 2 на ова Упатство, внатрешната појдовна испостава или царинската испостава за извоз е должна да забрани транзитот или извозот на тие стоки да се врши во исто превозно средство со други стоки кои не се наведени во точка 2 на ова Упатство.

    По исклучок на став 1 на оваа точка, царинската испостава за извоз може да дозволи извозот на алкохол и алкохолни пијалоци произведени од домашен производител да се врши во исто превозно средство со други стоки, различни од стоките наведени во точка 2 на ова Упатство.

18. По извршената контрола на превозното средство, одговорниот царински службеник е должен да стави царинско обележје (пломба) согласно Упатството за начинот на работа со царински пломби.

19. При извоз или транзит на стока со поголем ризик од измама, појдовната внатрешна испостава или царинската испостава за извоз е должна да изврши задолжително мерење на тежината на превозните средства товарени со овој вид на стока, при што еден примерок од потврдата за извршено мерење треба да се приложи во ЕЦД кој ја следи стоката до царинската испостава на излез, а еден примерок во ЕЦД кој останува во појдовната внатрешна испостава или царинската испостава за извоз.

## VI. Постапка на царинската испостава на излез

20. При пристигнување на пратката со стока со поголем ризик од измама, царинската испостава на излез е должна соодветно да постапи согласно одредбите од точките 13 и 14 на ова Упатство. При завршување на транзитната постапка во царинската испостава на излез се применува и точката 15 на ова Упатство.

21. Царинскиот службеник кој што извршил контрола ја потврдува извршената контрола со своерачен потпис и факсимил во соодветната рубрика од ЕЦД. Превозното средство е под царински надзор се додека не ја напушти граничната линија.

## VII. Преодни и завршни одредби

22. Надлежни за спроведување на ова Упатство се царинските службеници од надлежните Царинарници.

23. Надлежен за предлагање на измена и дополнување на ова Упатство е Секторот за царински систем.

24. Секторот за управување со човечки ресурси, во соработка со Секторот за царински систем, е должен веднаш по неговото потпишување, ова Упатство да го направи достапно до сите вработени и во рок од 30 дена да одржи обука на определени лица од организационите единици преку системот за видеоконференција.

25. Се задолжува Секторот за царински систем во рок од 5 дена да го објави ова Упатство на интернет и интранет страницата на Царинската управа.

26. Сите непосредни раководители се должни со ова Упатство да ги запознаат вработените во организационата единица со која раководат.

27. Секое постапување спротивно на ова Упатство повлекува дисциплинска одговорност.

28. Со донесувањето на ова Упатство престанува да важи Упатството за спроведување на царински надзор и контрола на пратки на стока со поголем ризик од измама број 10-048178/11-0001 од 29.08.2011 година и измените на

Упатството број 10-048178/11-0002 од 06.09.2011 година и број 10-048178/11-0003 од 04.11.2011 година.

29. Ова Упатство стапува на сила со денот на неговото донесување, а ќе започне да се применува по истекот на 8 дена од денот на неговото донесување.

Бр. 01-045879/13-0001 Директор
Скопје, 23.08.2013 година Ванчо Каргов

Изработил: Димче Аџиоски
Согласен: Димче Аџиоски, началник на Одделение за гранични и транзитни формалности, по овластување на директорот на Царинска управа

| | |
|---|---|
| Упатството го подготви: | Сектор за царински систем |
| Приматели: | Директор<br>Заменик директор<br>Советник на директорот<br>Помошници директори на сектори<br>Началници на независни одделенија<br>Управници на царинарници |
| Примерок доставен за: | Интерна употреба |
| Оригиналот се чува во: | Сектор за царински систем<br>Сектор за управување со човечки ресурси<br>Архива |